Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 23.12.2023

На 22.12.2023 во 23.20 часот на Граничниот премин „Деве Баир", поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело фалисификувана меѓународна зелена карта за осигурување бил лишен од слобода С.К.(43) од Р.Турција, кој управувал товарно моторно возило „мерцедес" и полуприколка со турски национални ознаки. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 22.12.2023 во 07.45 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода М.З.(27) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 21.12.2023 полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода И.С. (26) од струмичко. При преглед на патничко возило „ауди" со кратовски регистарски ознаки, управувано од негова страна, била пронајдена марихуана. И.С. бил задржан во Полициската станица Радовиш и во службениот разговор извршен со него изјавил дека марихуаната ја набавил од Р.О. од Радовиш.На 22.12.2023 полициски службеници од ОВР Радовиш постапувајќи по судска наредба извршиле претрес во домот на Р.О. (35) од Радовиш, при што била пронајдена марихуана. Р.О. бил лишен од слобода и задржан во Полициската станица Радовиш.За настаните бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и по документирање на истите ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2023 во 18.55 часот било пријавено дека во Гостивар на ул.„Мајор Чеде Филиповски" патничко моторно возило „ауди" со тетовски регистарски ознаки управувано од К.Б. (40) од Тетово ударило во С.С.(57) од Гостивар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.С., констатирани во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа ОВР Гостивар.

На 23.12.2023 полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода З.Т.(60) од Битола. Имено, на 23.12.2023 во времето од 00.20 до 01.05 часот врз основа на наредба од Основен суд Битола бил извршен претрес во дом и помошна просторија во Битола, сопственост на З.Т.(60) од Битола, при што се пронајдени 4080 парчиња различни пиротехнички средства-огномети и петарди.Претходно, на 22.12.2023 во 20.30 часот на ул.„Филип Втори Македонски" во Битола, при преглед на патничкото возило „поло" со битолски регистарски ознаки, сопственост на З.Т. , беа пронајдени 2713 парчиња различни пиротехнички средства. По документирање на настанот против лицето ќе биде поднесена кривична пријава.

На 22.12.2023 во 19.20 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Антон Попов" патничко моторно возило „хјундаи" со скопски регистарски ознаки управувано од А.Н. (25) од Скопје ударило во А.О.(29) од с.Форино, гостиварско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила А.О., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (23.12.2023) во 04.10 часот во Гостивар од полициски службеници од ОВР Гостивар биле приведени А.Ј.(26), Е.Ч.(46), М.И.(46) и П.К.(24) сите од Р.Албанија поради непријавен престој на подрачјето на туристички престој. Тие биле задржани во полициска станица за понатамошна постапка.

На 22.12.2023 во 10.30 часот во Полициската станица Центар С.В.(63) од Скопје пријавил дека во Градскиот парк во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2023 во 10.10 часот во Полициската станица Аеродром С.К.(79) од Скопје пријавила дека во близина на трговски центар на подрачјето на Аеродром била касната од куче скитник.

На 22.12.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров И.Ѓ.(41) од Скопје пријавил дека на ул.„1596" бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2023 во 20.15 часот било пријавено дека во Куманово на крстосницата од ул. „Железничка" и ул.„Индустриска" патничко моторно возило „сеат толедо" со кумановски регистарски ознаки, управувано од Ш.А.(36) од с.Черкези, кумановско удрило во К.М. (77) од с.Гошинце, кумановско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 22.12.2023 во 01.00 часот во село Богомила, велешко, полициски службеници од СВР-Велес ги лишиле од слобода Б.С.(20) , М.М.(52), М.Г.(21), Ф.А.(21) од Скопје и Н.С. (41) од село Богомила, затоа што кај место викано Бистрички Лаки во село Богомила палеле електрична инсталација-кабли, односно третирале отпад за што немале дозвола и на место каде не е дозволено. Од нив е одземено и товарно возило „волво" со велешки регистарки таблички, и поголема количина на топен бакар. Известен е јавен обвинител, на лице место излезено од страна на Државен инспектор за животна средина, извршен увид од страна на увидна екипа на СВР-Велес и по документирање на настанот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 22.12.2023 во 15.20 часот полициски службеници го лишиле од слобода Р.Ѓ.(61) од Кавадарци, по претходно добиено известување од Државен инспекторат за шумарство и ловство, за држење и чување примероци од заштитени птици. Полициските службеници кај Р.Г. пронашле примероци на заштитени видови на птици од видот „штиглец" и „зеленки", кои се одземени и предадени на Државен инспекторат за шумарство и ловство. Лицето е приведено во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против З.Џ.(61) од кичевското село Црвивци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При контрола на патнички автомобил „Голф" што тој го управувал, извршена кај месноста „Павли дол" на регионален пат Кичево-Демир Хисар, полициските службеници забележале дека З.Џ. од возилото исфрлил хашиш.

На 22.12.2023 во 20.23 часот во СВР Штип е пријавено дека околу 20.10 часот во угостителски објект во Пробиштип, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.С.(43) и М.И.(55), двајцата од Пробиштип. По документирање на случајот против лицата ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2023 во Виница, полициски службеници го лишиле од слобода З.С.(36) од с.Јакимово, виничко. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени околу 400 разновидни пиротехнички средства. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во консултација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.12.2023 во 20.45 часот на ул.„Осоговска" во Македонска Каменица полициски службеници го лишиле од слобода В.С.(30) од Македонска Каменица. При контрола на патничко моторно возило кое го управувал, полициските службеници пронашле и одзеле марихуана, бела прашкаста материја и една дробилка. По комплетирање на случајот, против В.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2023 во 02.58 во СВР Штип е пријавено дека во 02.35 часот во угостителски објект во Штип, Ј.Ј.(22) бил физички нападнат од М.Т., двајцата од Штип. Се работи на расчистување на случајот, по што ќе следи соодветен поднесок.

На 22.12.2023 во 20.30 часот во ОВР Кочани е пријавено дека во Општа болница во Кочани, во безсознание бил донесен 16 – годишен малолетник Х.Д., каде и покрај укажаната лекарска помош и реанимација тој починал, а смрт констатирал лекар. По насоки на јавен обвинител телото на починатиот е дадено на обдукција.

На 23.12.2023 во 00.42 часот во СВР Штип 27 – годишна жена пријавила дека околу 00.10 часот во домот на Ф.И.(31) од Штип, тој извршил обљуба над неа. Известен е јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против Ф.И. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (23.12.2023) во 01.10 часот во СВР Скопје А.Г.(37) од Скопје пријавил дека околу 00.20 часот во угостителски објект во с.Трубарево, бил физички нападнат од Г.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.12.2023) во 03.00 часот во СВР Скопје В.М.(64) од Скопје пријавила дека околу 01.00 часот на подрачјето на Карпош, нејзиниот малолетен син физички бил нападнат од две лица кои ги познавал. Тие претходно имале недоразбирање. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.12.2023) во 02.00 часот во СВР Скопје, било пријавено дека пред казино на подрачјето на Карпош, А.В.(33) од Скопје кој бил вработен како обезбедување бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.12.2023) во 01.35 часот од полициски службеници од СВР Скопје биле приведени И.М.(29) од Скопје, Т.С.(32) од с.Штрбово-ресенско и С.К.(28) од с.Орешани-скопско поради тоа што во угостителски објект во населбата Илинден, како што е пријавено, по претходна расправија помеѓу И.М. кој бил заедно со Т.С. од една страна и К.К.(29) од Скопје кој бил заедно со С.К. од друга страна, К.К. со остар предмет замавнал кон И.М. по што И.М. извадил пиштол, а потоа С.К. физички го нападнал И.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.12.2023 во 20.50 часот кај место викано „Зуичка река" полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин и Граничен надзор Богородица биле затекнати 10 мигранти од Сирија. Известен бил Јавен обвинител, а мигрантите биле пренесени во Прифатниот транзитен центар „Винојг"-Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2023 во 15.00 часот во кругот на Касарната Илинден полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода К.В.Р.(69) од САД, поради тоа што необластено влегол во касарната. Известени се Јавен обвинител и АНБ. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.12.2023 во 16.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Г.М.(57) од с.Волково, скопско пријавил дека на ул.„100" во близина на „Кучковска чешма" бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Центар Ј.З.(20) од Скопје пријавил дека на бул. „Гоце Делчев" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2023 во 11.50 часот М.Р.(19) од с.Непроштено-тетовско пријавил дека во Тетово додека се превезувал во автобус бил физички нападнат од С.М.(70) од Тетово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.12.2023 во 15.30 часот Џ.Д.(69) од Гостивар пријавил дека во Гостивар пред неговиот дом бил физички нападнат од соседот Ф.Н. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.12.2023 во 17.15 часот во ОВР Гостивар бил приведен А.Н.(34) од Гостивар поради тоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.12.2023 во 21.20 часот во Полициската станица Гостивар Ф.А.(55) од с.Горна Бањица, гостиварско пријавил дека на ул.„101" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2023 во 14.35 часот во Полициската станица Тетово С.С.(43) од с.Желино, тетовско пријавил дека на ул.„ЈНА" во Тетово бил каснат од куче скитник.

На 22.12.2023 во 16.00 часот, во Полициска станица Кичево А.М.(38) од Кичево пријавил дека на ул.„Гоце Делчев" во Кичево, неговата сопруга била касната од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет